*Број: 02 - __________*
*_______ 2018 година*
*С к о п ј е*

*ЗАПИСНИК*
***од Третата седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***
*одржана на 1 декември 2017 година со почеток во 12.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фатмир Меџити, претставник од Министерството за здравство – претседател;*
- *Верица Проковиќ, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија – член;*
- *Проф. Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците - член;*
- *Проф. Д-р Назми Ејупи, претставник на стопанствениците во Република Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија – член;*
- *Д-р Димитар Димитриевски, претставник на пензионерите во Република Македонија – член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *Данаил Дончев, В.Д. директор на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *Кристина Христова, директор на секторот за фармација (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

*Седницата ја водеше претседателот на Управниот одбор, Фатмир Меџити. На почетокот утврди дека се присутни сите седум членови на Управниот одбор со што условите за полноважно работење и одлучување се исполнети. Потоа го прочита претходно доставениот*

*П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од Втората седница на Управниот одбор одржана на 17.10.2017 година*

1. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки за 2017 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
2. *Предлог за утврдување на референтни цени на здравствени услуги*
3. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
4. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на предлог-референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
5. *Предлог за донесување на Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
6. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок на ПЗУ Специјалната болница по хируршки болести „Жан Митрев“ од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2017 година*
7. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок на Специјалната болница по физикална медицина и рехабилитација „Дебарски Бањи - Цапа“ - Дебар за здравствени услуги од специјалистичко-консултативна здравствена заштита од дејноста медицинска рехабилитација и медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување во 2017 година*
8. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок на АД Цар Самуил - Банско за здравствени услуги од специјалистичко-консултативна здравствена заштита од дејноста медицинска рехабилитација и медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување во 2017 година*
9. *Прераспределба на средства за надоместоци на здравствените установи*
10. *Предлог за донесување на Одлука за формирање на Второстепена лекарска комисија за лекување во странство*
11. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од информациониот систем на ФЗОМ достапни на веб порталот*

*Потоа предложи редоследот на точките да се промени така што најпрвин да се разгледа точката 10 - Предлог за донесување на Одлука за формирање на*

*Второстепена лекарска комисија за лекување во странство а потоа да се продолжи со останатите точки според предложениот редослед. Предлогот беше едногласно прифатен, по што за работата на третата седница Управниот одбор едногласно го усвои следниот*

*Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од Втората седница на Управниот одбор одржана на 17.10.2017 година*

1. *Предлог за донесување на Одлука за формирање на Второстепена лекарска комисија за лекување во странство*
2. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки за 2017 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
3. *Предлог за утврдување на референтни цени на здравствени услуги*
4. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
5. *Предлог за донесување на Одлука за утврдување на предлог-референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
6. *Предлог за донесување на Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*
7. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок на ПЗУ Специјалната болница по хируршки болести „Жан Митрев“ од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2017 година*
8. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок на Специјалната болница по физикална медицина и рехабилитација „Дебарски Бањи - Цапа“ - Дебар за здравствени услуги од специјалистичко-консултативна здравствена заштита од дејноста медицинска рехабилитација и медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување во 2017 година*
9. *Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок на АД Цар Самуил - Банско за здравствени услуги од специјалистичко-консултативна здравствена заштита од дејноста медицинска рехабилитација и медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување во 2017 година*
10. *Прераспределба на средства за надоместоци на здравствените установи*
11. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на*

*Правилникот за начинот на користење, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од информациониот систем на ФЗОМ достапни на веб порталот*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е забележано во овој записник.*

- *Усвојување на записникот од Втората седница на Управниот одбор одржана на 17.10.2017 година*

*Управниот одбор без забелешки, едногласно го усвои записникот од Втората седница на одржана на 17.10.2017 година.*

*ТОЧКА 1 - Предлог за донесување на Одлука за формирање на Второстепена лекарска комисија за лекување во странство*

*Претседателот Меџити наведе дека од Фондот до Управниот одбор бил доставен предлог за донесување на одлука поради истекување на мандатот на актуелната комисија. Во предлогот се вклучени и имиња на предложени членови на комисијата. Наведе и дека согласно Законот за здравственото осигурување, второстепената лекарска комисија за лекување во странство се формира од Управниот одбор бидејќи со законот е уредено постапката за упатување на лекување во странство во два степени да се одвива во Фондот. Првостепената комисија се формира со одлука на директорот на Фондот а второстепената е во надлежност на Управниот одбор. Истакна и дека предлогот даден од Фондот содржи три имиња кои не би можеле да бидат членови на комисијата поради тоа што се директори на здравствени установи, односно затоа што работат во здравствени установи во кои се врши упатување. Имено, предложениот за претседател на комисијата, работи во една од приватните болници во земјата, а бидејќи комисијата одлучува и за упатување на лекување во таа болница, кај него постои судир на интереси. Од друга страна, еден предложен член и еден предложен заменик-член се директори на здравствени установи. Поради тоа, а со оглед дека мандатот на комисијата истекува, укажа дека е неопходно комисијата да биде формирана на денешната седница. За таа цел, даде предлози за именување на местата на предложените членови чие членување би било спротивно на правилникот односно кај кои постои судир на интереси.*

*По излагањето на претседателот, дискутираа и членовите на Управниот одбор при што побараа и примерок од Законот за здравственото осигурување и од Правилникот за лекување во странство. Исто така, побараа информација за специјалностите на членовите кои се содржани во предлогот на Фондот бидејќи тие таму не се наведени. Откако се прочитаа соодветните одредби што се однесуваат на членувањето во второстепената лекарска комисија, се заклучи дека не е дозволено директор на здравствена установа да биде член на комисијата. Во однос на специјалностите на предложените членови, беше наведено дека би било добро во комисијата да*

*членуваат лекари од специјалностите од кои најчесто се поднесуваат предлози за упатување на лекување во странство.*

*Со тоа дискусијата по првата точка беше исцрпена и Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за формирање на Второстепена лекарска комисија за лекување во странство***

*со која се формира второстепената лекарска комисија врз основа на предлогот од Фондот изменет за имињата за кои се заклучи дека нивното членување е спротивно на прописите или на интересите на Фондот.*

*По донесувањето на одлуката, директорите на Фондот беа повикани и се вклучија во натамошниот тек на седницата.*

*ТОЧКА 2 - Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки за 2017 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*За втората точка на дневниот ред, претседателот Мецити побара од директорите да ги објаснат предложените измени и дополнувања на Планот за јавни набавки, особено дополнително преложената измена во делот за набавка на возила.*

*Директорот Дончев детално ги објасни сите четири ставки од предлогот, по што членовите на Управниот одбор поставуваа и дополнителни прашања, а директорите Дончев и Рамадани даваа објаснувања.*

*На крајот на дискусијата, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки за 2017 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 3 - Предлог за утврдување на референтни цени на здравствени услуги*

*За третата точка на дневниот ред, објаснување даде директорот Рамадани. Наведе дека предложените нови цени на здравствени услуги се резултат на работата на стручната служба на Фондот по предлозите дадени од здравствени установи кои ги даваат услугите. Здравствените установи воглавно укажуваат дека актуелните референтни цени се ниски и не се доволни ниту за покривање на трошоците за нивно овозможување. Освен промените на ниските референтни цени, предлогот содржи и предлог цени за нови здравствени услуги за кои досега немало утврдено референтна цена.*

*Потоа дискутираа членовите на Управниот одбор при што се направи осврт на неколку конкретни услуги и се постигна согласност дека постои оправданост да се извршат предложените измени. Во согласност со тоа, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна здравствена заштита - амбулантски***

*со која се утврдија референтни цени за нови услуги и нови цени за постоечки услуги од областите на пулмологијата и алергологијата, радиологијата, ендокринологијата и психијатријата, како и за респираторни пакети за дијагностика и третман на респираторни заболувања кај децата.*

*ТОЧКА 4 - Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Претседателот Мецити предложи во врска со предлогот за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот да биде направена анализа за доплатата што ќе падне на товар на осигурениците доколку се донесе одлуката, па на следната седница кога ќе се има анализата да се одлучува по предлогот.*

*Бистра Ангеловска дека донесувањето или недонесувањето на одлуката нема влијание на доплатата на осигурениците а со донесување на одлуката само ќе зголеми изборот на лекови односно на заштитени имаиња од соодветната генерика што осигурениците може да ги добијат на товар на Фондот.*

*Во продолжение Кристина Христова пред Управниот одбор имаше кусо излагање за референтните цени на лековите кои паѓаат на товар на Фондот, истакнувајќи дека Фондот не ја одредува цената по која лековите се издаваат во аптеките туку цамо цената која ја признава/плаќа Фондот. Инаку, праксата покажува дека Фондот успешно ги намалува референтните цени.*

*По ова, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***

***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 5 - Предлог за донесување на Одлука за утврдување на предлог-референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*По дискусијата за точката четири која се однеуваше и на предлогот од петтата точка на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе и*

***Одлука***
***за утврдување на предлог-референтни цени на лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*Предлог-референтните цени ќе бидат објавени на интернет страницата на Фондот, по овластените субјекти ќе може да даваат забелешки.*

*ТОЧКА 6 - Предлог за донесување на Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Претседателот Меџити побара објаснување на предлогот наведувајќи дека висината на платите се утврдува согласно параметри дефинирани со законите и колективните договори а врз основа на работното место на кое задачите ги извршува работникот. Во такви услови праша дали може со посебни одлуки да се утврдува висината на платата на конкретен работник.*

*Директорот Рамадани објасни дека во изминатите неколку месеци Фондот го напуштиле седум инженери информатичари со што се најдовме во незавидна ситуација како институција чие работење во голем дел се потпира на информацискиот систем. Затоа бараме начин за дополнително наградување на работниците кои во ваквата ситуација вложуваат исклучителни напори за ефикасно извршување на работните задачи со што придонесуваат за извршување на дејноста на Фондот.*

*По објаснувањето се разви дискусија во која со свои ставови се вклучија сите членови на Управниот одбор. Се дискутираше за прописите со кои се уредува висината на платите на вработените во Фондот, за кадровската екипираност и профилираност на вработените во Фондот, за можностите за утврдување на критериуми кои влијаат на висината на платата и друго.*

*На крајот на дискусијата, претседателот предложи правилникот да биде усвоен, дополнет со одредба дека освен директорот и Управниот одбор може да одлучи за дополнително наградување на работниците кои вложуваат дополнителни напори.*

*Предлогот беше прифатен, по што Управниот одбор едногласно го донесе дополнетиот*

***Правилник***
***за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*ТОЧКА 7 - Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок на ПЗУ Специјалната болница по хируршки болести „Жан Митрев“ од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2017 година*

*Претседателот Меџити праша дали со оглед што предлогот е даден на барање на здравствената установа, Фондот има примено барања и од други здравствени установи од областа на кардиохирургијата како и колкав износ за оваа година фактурирала државната кардиохируршка клиника. Праша дали би било целисходно најпрвин да се добијат тие податоци за потоа да се разгледува и овој предлог.*

*Директорот Дончев наведе дека во случајот на оваа здравствена установа услугите за кои се бара зголемување на надоместокот се веќе дадени на осигурените лица. Установата во своите барања и контактите со Фондот, укажувала на зголемениот број на осигурени лица кои имаат потреба од кардиоваскуларни операции, на перманентното зголемување на листите на чекање и големиот број итни пациенти. Нејзиниот капацитет за обезбедување здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија, односно можност за пружање здравствени услуги на поголем број витално загрозени пациенти осигуреници е зголемен. Оттаму, потребно е да се излезе во пресрет и да се надоместат средствата за дадени услуги.*

*Верица Прокoвиќ праша дали за ова предложено зголемување на надоместокот Фондот има средства и дека треба при одлучувањето треба да се имаат во вид и средствата за надоместоците за јавните здравствени установи.*

*Откако директорите наведоа дека овој предлог, како и предлогот за надоместоците на јавните здравствени установи не би биле дадени кога Фондот не би имал доволно средства, дискусијата за оваа точка на дневниот ред беше заклучена и Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок на ПЗУ Специјалната болница по хируршки болести „Жан Митрев“ од Скопје за здравствени услуги од областа на кардиоваскуларната хирургија во 2017 година***

*ТОЧКА 8 - Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок на Специјалната болница по физикална медицина и рехабилитација „Дебарски Бањи - Цапа“ - Дебар за здравствени услуги од специјалистичко-консултативна здравствена заштита од дејноста медицинска рехабилитација и медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување во 2017 година*

*Во рамките на оваа точка на дневниот ред, Управниот одбор по куса дискусија која го опфати и предлогот од точката девет, врз основа на предлогот содржан во работните материјали за седницата, едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок на Специјалната болница по физикална медицина и рехабилитација „Дебарски Бањи - Цапа“ - Дебар за здравствени услуги од специјалистичко-консултативна здравствена заштита од дејноста медицинска рехабилитација и медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување во 2017 година***

*со која се зголеми договорниот надоместок на здравствената установа.*

*ТОЧКА 9 - Предлог за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок на АД Цар Самуил - Банско за здравствени услуги од специјалистичко-консултативна здравствена заштита од дејноста медицинска рехабилитација и медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување во 2017 година*

*Во однос на предлогот од деветтата точка на дневниот ред, имајќи ја во вид дискусијата од претходната точка и врз основа на предлогот содржан во работните материјали за седницата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок на АД Цар Самуил - Банско за здравствени услуги од специјалистичко-консултативна здравствена заштита од дејноста медицинска рехабилитација и медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување во 2017 година***

*со која се зголеми договорниот надоместок на и на оваа здравствената установа.*

*ТОЧКА 10 - Прераспределба на средства за надоместоци на здравствените установи*

*Директорите Рамадани и Дончев наведоа дека предлогот претставува изменување на договорните надоместоци за јавните здравствени установи за 2017 година и значи зголемување на надоместокот на дел од установите (триесет и шест) за вкупно 304*

*милиони денари. Во предлогот се вклучени и установите кои ја прошириле дејноста со новата модернизирана опрема, установи кои имаат поголемо остварување на услуги, како и установи кои со одлука на Владата на Република Македонија се утврдени како неодржливи. Средствата за зголемувањето се обезбедени од Буџетот на Фондот од ставката - здравствени услуги, со внатрешна прераспределба од видовите на здравствени услуги.*

*По објаснувањето, дискутираа членовите н Управниот одбор при што поставува и дополнителни прашања за одделни здравствени установи на кои одговараа и дополнителни објаснувања даваа директорите на Фондот.*

*На крајот на дискусијата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Одлуката за утврдување на вкупниот договорен надоместок на јавните здравствени установи за 2017 година***

*со која се изврши ја предложените измени на договорните надоместоци на јавните здравстени установи.*

*ТОЧКА 11 - Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од информациониот систем на ФЗОМ достапни на веб порталот*

*Во рамките на оваа точка на дневниот ред Управниот одбор врз основа на предлогот и објаснувањето дадено во работните материјали за седницата, без дискусија едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од информациониот систем на ФЗОМ достапни на веб порталот***

*со кој се воведе можност електронските услуги освен со ЕЗК да се користат и со валиден квалификуван сертификат издаден од овластен издавач во Република Македонија или да овластат друго лице кое поседува со валиден сертификат на ЕЗК. Во меѓупериодот додека се имплементира можноста за воведување на квалификувани дигитални сертификати, здравствените установи ќе можат да овластат друго лице кое поседува валиден сертификат на својата ЕЗК.*

*По донесувањето на правилникот, во 14.40 часот поради неодложни обврски седницата ја напушти членот на Управниот одбор Љубиша Каранфиловски.*

*ТОЧКА 12 - Разно*

*Во рамките на точката разно, Ненад Гавриловиќ укажа на потребата стручната служба да изготви пречистени текстови на општите акти објавени на интернет страницата на Фондот и тие пречистени текстови исто така да се објават без усвојување од Управниот одбор. Ова ќе им послужи на заинтересираните корисници бидејќи некои од општите акти имаат повеќе измени што го отежнува нивното користење. Истовремено да се направи и ажурирање на објавените општи акти.*

*Со тоа дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 15.00 часот заврши со работата на третата седница.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар,*** | ***Управен одбор*** |
| ***Христо Трповски*** | ***Претседател,*** |
| | ***Д-р Фатмир Меџити*** |

*Овој записник беше едногласно усвоен од Управниот одбор на седницата одржана на 29.12.2017 година*